# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

18 Октомври 2018
Скопје
Број 10, година XIII
contact@kiselavoda.gov.mk


**Скопје, Октомври, 2018 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма за измена и дополнување на Програмата (Н1)
и Програмата ( НА) капитални расходи за основно образование
за 2018 година

1. Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата ( НА) капитални расходи за основно образование за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 октомври 2018 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-8942/1
18.10.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и точка 13 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 3 од Законот за Град Скопје ( Сл.Весноик на РМ бр.55/04), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на општина Кисела Вода ( Сл.Гласник на Град Скопје бр. 8/05 и Сл.Гласник на општина Кисела Вода бр. 13/06 и бр.15/14), Советот на општина Кисела Вода на Петнаесеттата пленарна седница одржана на 8 октомври 2018 година, донесе

ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2018 година

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2018 година објавена во Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.12 од 04.12.2017 година, на начин што во делот Програма (Н1) основно образование за 2018 година:

под проект број 6 зборовите „Награди за талентирани ученици, вкупно 1.000.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „Награди за талентирани ученици, вкупно 650.000,00 денари“;

под проект број 7 зборовите „Доделување награди на најдобри наставници, потребни средства 360.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „ Доделување награди на најдобри наставници, потребни средства 180.000,00 денари“;

проект број 13 „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, вкупно 18.000,00 денари“, се брише;

проект број 14 „Обуки за доквалификација на вработените, вкупно 100.000,00 денари“, се брише;

проект број 16 „Да си помогнеме себе си, да му помогнеме на другиот, вкупно 200.000,00 денари“, се брише.

Програма (Н1) основно образование за 2018 година се дополнува со:

проект под број 14 кој гласи: „Тандем – партнер наставници“ (одделенски и предметен наставник на часот по физичко и здравствено образование) од 1 (прво) до 5 (петто) одделение, предвидени средства за авторски хонорари .....20.000,00 денари.

Се врши и промена во табела 1 каде:

во точка 6 зборовите „Награди за талентирани ученици, вкупно 1.000.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „ Награди за талентирани ученици, вкупно 650.000,00 денари“;

точка 10 „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, вкупно 18.000,00 денари“, се брише;

точка 11 – „Обуки за доквалификација предвидени средства 100.000,00 денари “, се брише;

точка 13 „Да си помогнеме себе си, да му помогнеме на другиот вкупно 200.000,00 денари“, се брише;

точка 12 „ Превоз - предвидени средства 118.125,00 денари “ станува точка 10;

во точка 14 зборовите „Доделување награди на најдобри наставнци, предвидени средства 360.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „Доделување награди на најдобри наставници, предвидени средства 180.000,00 денари“ и истата станува точка 11;

а се додава:

нова точка 12 „Тандем – партнер наставници, предвидени средства за авторски хонорари 20.000,00 денари “.

Се врши и промена во табелата на начин што делот „ВКУПНО предвидени средства 4.831.925,00 денари“се менува во „ВКУПНО предвидени средства 3.983.925,00 денари“.

Во делот Програма (НА) за основно образование ( капитални расходи ) за 2018 година:

во точка 2, подточката 1 „За реконструкција на основни училишта во Општина Кисела Вода електрична инсталација предвидени се 5.000.000,00 денари“, се брише.

во точка 2, подточката 2 „За реконструкција на основни училишта во Општина Кисела Вода санитарни јазли предвидени се 5.000.000,00 денари“, се брише.

во точка 2, подточката 3 „За тековно одржување и други градежно занатски работи во основните училишта во Општина Кисела Вода, превидени се 4.000.000,00 денари“ се заменува со зборовите „За тековно одржување и други градежно занатски работи во основните училишта во Општина Кисела Вода, превидени се 2.000.000,00 денари“ и истата станува подточка 1;

во точка 2, подточка 4 зборовите „Реконструкција на спортски сали во основните училишта, Основно училиште Св.Климент Охридски – 1.600.000,00 – Основно училиште Невена Георгиева Дуња – 1.200.000,00“, се заменуваат со зборовите „Реконструкција на спортски сали во основните училишта - Основно училиште Невена Георгиева Дуња - 4.300.000,00“, односно се додаваат уште 1.500.000,00 денари, и истата станува подточка 2;

во точка 2, подточка 5 „Реконструкција на кров во подрачно училиште Рајко Жинзифов, Пинтија, предвидени 1.500.000,00“ се брише;

во точка 2, подточка 6 „Поставување на громобранска инсталација во основните училишта – 1.000.000,00“, се брише.

Програма (НА) за основно образование ( капитални расходи ) за 2018 година се дополнува:

во точка 2, подточка бр. 3 која гласи: „Општинска контрибуција за изградба на спортска сала во ООУ Рајко Жинзифов н.Драчево“ со предвидени средства 10.200.000,00 превземени од Програма на Сектор за локален економски развој.

Се врши и промена во табела 2 каде:

точка 1 „За реконструкција на основни училишта во Општина Кисела Вода електрична инсталација, предвидени се 5.000.000,00 денари“, се брише;

точка 2 „За реконструкција на основни училишта во Општина Кисела Вода санитарни јазли, предвидени се 5.000.000,00 денари“ се брише;

во точка 3 зборовите „За тековно одржување и други градежно занатски работи во основните училишта во Општина Кисела Вода превидени се 4.000.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „За тековно одржување и други градежно занатски работи во основните училишта во Општина Кисела Вода, превидени се 2.000.000,00 денари“ и истата станува точка 1;

во точка 4 зборовите „Реконструкција на спортски сали во основните училишта - Основно училиште Св.Климент Охридски – 1.600.000,00 и Основно училиште Невена Георгиева Дуња – 1.200.000,00“ се заменуваат со зборовите „Реконструкција на спортски сали во основните училишта, Основно училиште Невена Георгиева Дуња - 4.300.000,00“ односно се додаваат уште 1.500.000,00 денари, и истата станува точка 2;

- точка 5 „Реконструкција на кров во подрачно училиште Рајко Жинзифов, Пинтија, предвидени 1.500.000,00“, се брише;

- точка 6 „Поставување на громобранска инсталација во основните училишта – 1.000.000,00“, се брише; а се додава нова:

точка број 3 „Општинска контрибуција за изградба на спортска сала во ООУ Рајко Жинзифов н.Драчево“ со предвидени средства од 10.200.000,00 денари.

Се врши и промена во табелата на начин што делот „ВКУПНО предвидени средства 19.300.000,00 денари“ се менува во „ВКУПНО предвидени средства 16.500.000,00 денари“.

Се врши и промена во табела 3 каде:

во точка 1 зборовите „ПРОГРАМА (Н1) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ, предвидени средства 4.831.925,00“ се заменуваат со зборовите „ПРОГРАМА (Н1) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ, предвидени средства 3.983.925,00“,

во точка 2 зборовите „ПРОГРАМА (НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ, предвидени средства 19.300.000,00“ се заменуваат со зборовите „ПРОГРАМА (НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ, предвидени средства 16.500.000,00“,

во точка 3 зборовите „ВКУПНО предвидени средства 23.131.925,00“ се заменуваат со зборовите „ВКУПНО предвидени средства 20.483.925,00“.

Во останатиот текст на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2018 година, истата останува непроменета.

**Член 2**

Измените и дополнувањата на програмата влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се објават во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-8398/3
8 октомври 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма за измена и дополнување на Програмата од надлежност (В) и Програмата ( В1) – предучилишно воспитување
за 2018 година

1. Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата (В) и Програмата (В1) - предучилишно воспитување за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 октомври 2018 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-8942/2
18.10.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 13 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 3 од Законот за Град Скопје ( Сл.Весник на РМ бр.55/04), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода ( Сл.Гласник на Град Скопје бр. 8/05 и Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Петнаесеттата пленарна седница одржана на 8 октомври 2018 година, донесе

**ПРОГРАМА**

за измена и дополнување на Програмата од надлежност (В) и Програмата ( В1) – предучилишно воспитување за 2018 година

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата од надлежност (В) и Програмата (В1) – предучилишно воспитување за 2018 година објавена во Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 12 од 04.12.2017 година, на начин што во делот:

- под број 1 проект „Рана интервенција, препознавање и работа со деца со пречки во развојот, предвидени средства 50.000,00 денари" се брише;
- под број 2 проект „Ксантика – вековна традиција за славење на чистотата, радоста и будењето на природата, предвидени средства 30.000,00 денари" се брише;
- под број 3 проект „Мини спортски – бамбино терени, потребни средства 300.000,00 денари" се брише;
- Под број 6 проект „ Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем, предвидени средства 12.000,00 денари се брише.

Се врши промена во делот Рекапитулација, табела проекти на начин што:

- - точка1 „Рана интервенција, препознавање и работа со деца со пречки во развојот, предвидени средства 50.000,00 денари", се брише;
- - точка 2 „Мини спортски – бамбино терени, потребни средства 300.000,00 денари", се брише;
- - точка 3 проект „Ксантика – вековна традиција за славење на чистотата, радоста и будењето на природата, предвидени средства 30.000,00 денари", се брише;
- - точка 4 „Македонскиот литературен јазик – Нашето национално богатство", станува точка 1;
- - точка 5 станува точка 2;
- - точка 6 проект „Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем, предвидени средства 12.000,00 денари", се брише;
- - точка 7 „ Награди за најдобри воспитувачи и негуватели од јавните детски градинки", станува точка 3;
- - точка 8 „Организиран превоз за деца од јавните детски градинки", станува точка 4;
- - точка 9 „Времени вработувања во јавните детски градинки", станува точка 5.

Се врши и промена во табелата во делот „Вкупно предвидени средства од 8.999.406,50" во „Вкупно предвидени средства **8.607.406,00 денари".**

Се врши промена во табелата капитални трошоци на начин што:

- - во точка 1 зборовите „Градежно – занатски и реконструктивни зафати во ЈДГ 8 Март, предвидени средства 3.500.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „ Градежно – занатски и реконструктивни зафати во ЈДГ 8 Март, предвидени средства 1.000.000,00 денари“;
- - во точка 2 зборовите „Градежно – занатски и реконструктивни зафати во ЈДГ „Весели Цветови, предвидени средства 2.500.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „ Градежно – занатски и реконструктивни зафати во ЈДГ Весели Цветови, предвидени средства 1.000.000,00 денари“.

Се врши промена во табелата во делот„ Вкупно предвидени средства 12.000.000,00 денари“ со „Вкупно предвидени средства 8.000.000,00 денари“.

Се врши промена во делот на „Вупно предвидени средства 20.999.406,00 денари“ во „Вкупно предвидени средства 16.607.406,00 денари“.

Во останатиот текст на Програмата од надлежност (В) и Програмата ( В1) – предучилишно воспитување за 2018 година истата останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-8398/4
8 октомври 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма за измена и дополнување на Програмата за култура К4 културни манифестации и творештво и Програма КА културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2018 година

1.Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за култура К4 културни манифестации и творештво и Програмата КА културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 октомври 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-8942/3
18.10.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и точка 13 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 3 од Законот за Град Скопје ( Сл.Весник на РМ бр.55/04), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода ( Сл.Гласник на Град Скопје бр. 8/05 и Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Петнаесеттата пленарна седница одржана на 8 октомври 2018 година, донесе

**ПРОГРАМА**

за измена и дополнување на Програмата за култура **(**К4**)** културни манифестации и творештво и Програма **(**КА**)** културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2018 година

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2018 година, објавена во Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 12 од 04.12.2017 година, на начин што во делот Програма за култура (К4) културни манифестации и творештво за 2018 година:

- под број 1 проект „Патронен празник на Општина Кисела Вода – Ѓурѓовден 6 мај“, зборовите „потребни средства 300.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „ потребни средства 220.000,00 денари“;
- под број 2 Проект „Мултимедијален хепенинг на отворен простор“, зборовите „ потребни средства 60.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „потребни средства 50.000,00 денари“;
- под број 7 Проект „Активности на културно уметнички друштва на територија на Општина Кисела Вода, потребни средства 200.000,00 денари“, се брише.

Се врши измена во табела за програма (К4) за културни манифестации и творештво за 2018 година на начин што:

- точка 1 „Патронен празник на Општина Кисела Вода – Ѓурѓовден 6 мај“, зборовите „потребни средства 300.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „ потребни средства 220.000,00 денари“;
- точка 2 „Мултимедијален хепенинг на отворен простор“ зборовите“, потребни средства 60.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „потребни средства 50.000,00 денари“;
- точка 7 „Активности на културно уметнички друштва на територија на Општина Кисела Вода, потребни средства 200.000,00 денари“, се брише.

Се врши измена во делот „Програма за култура **( К4) …. 3.060.000,00 денари“ во „Програма за култура (К4) ...... 2.770.000,00 денари“.**

Во делот Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2018 година:

- под точка 2 проект - „Аудио систем во Дом на култура КВК Скопје потребни средства 1.800.000,00 денари“ се брише.
- под точка 4 проект „ Поставување на спомен обележја на познати и значајни личности од општина Кисела Вода зборовите „потребни средства 1.200.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „потребни средства 600.000,00 денари“.
- под точка 5 проект „Потребни средства за одржување на спомен обележја на територија на Општина Кисела Вода ....100.000,00 денари“ се брише.

Се врши измена во табела за (КА) културни манифестации и творештво – капитални трошоци на начин што:

- точка 2 „Аудио систем во Дом на култура КВК Скопје, потребни средства 1.800.000,00 денари“ се брише;
- точка 3 „Реконструкција на Дом на култура КВК Скопје, финансиска реализација по изведени градежни работи и ентериерно уредување, потребни средства 9.730.000,00 денари“ станува точка 2;
- точка 4 „Поставување на спомен обележја на познати и значајни личности од Општина Кисела Вода, зборовите „потребни средства 1.200.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „потребни средства 600.000,00 денари“ и истата станува точка 3;
- точка 5 „Потребни средства за одржување на спомен обележја на територија на Општина Кисела Вода, 100.000,00 денари“ се брише.

Се врши измена во табелата во делот „Вкупно ... 22.830.000,00 денари“ во „Вкупно...20.330.000,00 денари“.

Се врши измена во ВКУПНО: Буџет за Програма за култура (К4),(КА) и Дом на култура КВК Скопје од 30.407.400,00 во 23.100.000,00 денари.

Во останатиот текст на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2018 година, истата останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-8398/5
8 октомври 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма за измена и дополнување на
Програмата (ЛО) – спорт и рекреација за 2018 година

1.Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за култура (ЛО) – спорт и за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 октомври 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-8942/4
18.10.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и точка 13 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 3 од Законот за Град Скопје ( Сл.Весник на РМ бр.55/04), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода ( Сл.Гласник на Град Скопје бр. 8/05 и Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Петнаесеттата пленарна седница одржана на 8 октомври 2018 година, донесе

**ПРОГРАМА**

за измена и дополнување на Програма (ЛО)
**– спорт и рекреација за 2018 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата (ЛО) спорт и рекреација за 2018 година објавена во Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 12 од 04.12.2017 година, на начин што во делот:

- во точка 6 подточка 6.2 зборовите „Финансиска конструкција за проект - Доделување на парични награди до 100 талентирани ученици од ОУ на територија на Општина Кисела Вода, предвидени средства 750.000,00 денари" се заменуваат со зборовите „Финансиска конструкција за проект - Доделување на парични награди до 100 талентирани ученици од ОУ на територија на Општина Кисела Вода, предвидени средства 550.000,00 денари ";
- под број 7 проект „Тековно одржување на спортските сали Независна Македонија и Архиепископ Доситеј, потребни се 2.000.000,00 денари " се брише;
- под број 8 проект „Спортуваме – Другаруваме, потребни се 100.000,00 денари" се брише;

Програмата (ЛО) спорт и рекреација за 2018 година се дополнува:

- под точка 11 проект „Спонзорство на спортски институции кои извршуваат јавен интерес во спортот", предвидени средства 645.000,00 денари;
- под точка 12 проект „Јавно претпријатие за стопанисување со спортските сали Независна Македонија и Архиепископ Доситеј ", предвидени средства 350.000,00 денари;
- под точка 13 „ Медиумско покривање и закуп на простор во електронски и печатени медиуми за промоција и развој на спортот во Општина Кисела Вода", предвидени средства 85.000,00 денари;

Се врши промена и во табелата каде:

- точка 6 – „Доделување на парични награди до 100 талентирани ученици од ОУ на територија на Општина Кисела Вода, предвидени средства 750.000,00 денари" се заменуваат со зборовите „Доделување на парични награди до 100 талентирани ученици од ОУ на територија на Општина Кисела Вода, предвидени средства 550.000,00 денари ";
- точка 7 - проект „Тековно одржување на спортските сали Независна Македонија и Архиепископ Доситеј, потребни се 2.000.000,00 денари" се брише;
- точка 8 проект „Спортуваме – Другаруваме, потребни се 100.000,00 денари" се брише;
- точка 9 станува точка 7;
- точка 10 станува точка 8;
- точка 11 станува точка 9;

- точка 12 станува 10.
- Се додава нов проект:
- точка 11 кој гласи „Спонзорство на спортски институции кои извршуваат јавен интерес во спортот, потребни 645.000,00 денари“,
- точка 12 кој гласи „Јавно претпријатие за стопанисување со спортските сали Независна Македонија и Архиепископ Доситеј, потребни се 350.000,00 денари“ ,
- точка 13 кој гласи „Медиумско покривање и закуп на простор во електронски и печатени медиуми за промоција и развој на спортот во Општина Кисела Вода, потребни се 85.000,00 денари„

Се врши промена во табелата во делот ВКУПНО сума ( во денари ) од 10.790.000 денари во ВКУПНО сума ( во денари) во 7.570.000,00 денари.

Во останатиот текст на Програмата (ЛО) спорт и рекреација за 2018 година истата останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-8398/6
8 октомври 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма за измена и дополнување на
Програмата за работа на Дом на култура КВК Скопје за 2018 година

1.Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за за работа на Дом на култура КВК Скопје за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 октомври 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-8942/5
18.10.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и точка 13 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 3 од Законот за Град Скопје ( Сл.Весник на РМ бр.55/04), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на оОштина Кисела Вода ( Сл.Гласник на Град Скопје бр. 8/05 и Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Петнаесеттата пленарна седница одржана на 8 октомври 2018 година, донесе

**ПРОГРАМА**

за измена и дополнување на Програмата за работа
на Дом на култура КВК Скопје за 2018 година

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата за работа на Дом на култура КВК Скопје за 2018 година објавена во Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 12 од 04.12.2017 година, на начин што во делот:

- Во точка 4 „Изнајмување на простор“, подточка 1 „ Детска претстава “, вупно 544.000,00 денари“, се брише;
- подточка 2 „Музички концерти ...............150.000,00 денари“ се брише;
- подточка 3 „Ликовни изложби..................30.000,00 денари“ се брише;
- подточка 4 „Материјални трошоци..........200.000,00 денари“ се брише;
- подточка 5 зборовите „ Комунални трошоци, вкупно 1.444.000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „Комунални трошоци, вкупно 90.000,00 денари“ и истата станува подточка 1;
- подточка 6 „Инвестиции ......396.000,00 денари“ се брише;
- подточка 7 „ Инвестиции за опремување на сцената и канцеларии......341.000,00 денари“ се брише.
- подточка 8 станува подточка 2.

Во останатиот текст на Програмата за работа на Дом на култура КВК Скопје за 2018 година истата останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-8398/7
8 октомври 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма за измена и дополнување на Програмата (Ј) комунални дејности за 2018 година

1.Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата (Ј) комунални дејности за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 октомври 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-8942/6
18.10.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и точка 4 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 1 алинеја 6 и точка 4 од Законот за Град Скопје ( Сл.Весник на РМ бр.55/04 бр.158/2011),член 95, став 3 од закон за градежно земјиште Сл.Весник на РМ бр15/2015,бр98/2015,бр193/2015,бр.226/2015,бр.31/2016,бр.142/2016,бр190/2016) член 16, став 1, точка 1,алинеја 6 и точка 4, а во врска со член 34 од Статутот на општина Кисела Вода ( Сл.Гласник на Град Скопје бр. 8/05 и Сл.Гласник на општина Кисела Вода бр. 13/06 и бр.15/14), Советот на општина Кисела Вода на Петнаесеттата пленарна седница одржана на 8 октомври 2018 година, донесе

Програма за измена и дополнување на
Програмата (Ј) – Комунални дејности за 2018 година

Се врши измена и дополнување на Програмата (Ј)- комунални дејности за 2018 година објавена во Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 12 од 04.12.2017 година, на начин што во делот Програма (Ј) Комунални дејности за 2018 година

-подпрограма Ј00 одржување на урбана опрема

категорија 48 капитални расходи, ставка 482 други градежни објекти, подставка 482940 надзор над изградба се заменува со категорија 42, ставка 425, подставка 425980

во текстот се бришат 2009,2010,2011,2012,2013,2014,2015,2016

-подпрограма Ј30 одржување на јавно осветлување

Категорија 42 капитални расходи, ставка 425 други градежни објекти, подставка 425980 надзор над изградбата предвидени се 500.000,00ден се заменуваат со 250.000,00 ден

Категорија 42 ставка 425 други градежни објекти предвидени се 500.000,00ден се заменуваат со 250.000,00ден

Категорија 42 капитални расходи предвидени се 500.000,00ден се заменуваат со 250.000,00ден

Категоријата 42 стоки и услуги предвидени средства 37.500.000,00 ден се заменува со 37.250.000,00 ден

Подпрограма Ј40 јавна чистота,

Категорија 42 , ставка 425, подставка 425990 други договорни услуги предвидени се 8.000.000,00 ден се заменуваат со 9.000.000,00ден

Категорија 42 , ставка 425 договорни услуги предвидени се 8.000.000,00ден се заменува со 9.000.000,00ден

Категорија 42 стоки и услуги предвидени се 9.960.000,00ден се заменува со 10.960.000,00ден

Подпрограма Ј70 се брише

Подпрограма Ј80

Категорија 42, ставка 424, подставка 424230 дезинфекција,дезинсекција и дератизација предвидени 400.000,00ден се заменува со 500.000,00ден

Категорија 42, ставка 424 поправки и тековно одржување предвидени се 400,000,00ден се заменуваат со 500.000,00ден

Категорија 42 стоки и услуги предвидени се 12.700.000,00ден се заменува со 12.800.000,00ден

Подпрограма ЈД0 изградба и реконструкција на локалните патишта и улици

Категорија 48, ставка 482, подставка 482110 подготвување на проекти, вршење на стручна ревизија предвидени се 2.000.000,00ден се заменува со 3.000.000,00ден

Категорија 48, ставка 482, подставка 482130 реконструкција на улици и патишта предвидени се 30.000.000,00ден се заменуваат со 44.100.000,00ден

Категорија 48, ставка 482, подставка 482920 изградба на други објекти предвидени се 20.000.000,00 ден се заменува со 19.000.000,00ден

Категорија 48 Капитални расходи предвидени се 89.000.000,00ден се заменува со 103.100.000,00 ден

Во образложението на подпрограмата ЈД0 се додава текстот

НАПОМЕНА: Општина Кисела Вода ќе отпочне со изградба на ул.Саса 6( од ул.Саса 2 до ул.1440). Дел од улицата ќе се прошири согласно ДУПот за нас.Пинтија ,а дел ќе се реконструира постоечката состојба.Потребата за изградба на улицата се јавува од големата фреквенција на возила кон градинката и училиштето. Со нејзината изградба бенефит ќе почуствуваат сите жители на нас.Пинтија. Средствата се предвидуваат во Буџетот за 2018 год.-Кредити во вредност од 16.000.000,00денари.

Подпрограма ЈЕ0 изградба на простор за паркирање

Категорија 48, ставка 482, подставка 482940 надзор над градбата се бришат предвидените 100.000,00ден и се заменува со 0 ден

Категорија 48, ставка 482, подставка 482930 реконструкција на други објекти предвидени се 1.000.000,00ден се заменуваат со 500.000,00ден

Категорија 48, ставка 482, подставка 482920 изградба на други објекти предвидени се 4.000.000,00ден се заменуваат со 1.000.000,00ден

Категорија 48, ставка 482, подставка 482910 подготвување на проекти, вршење на стручна ревизија предвидени се 500.000,00 ден се заменува со 200.000,00ден

Категорија 48,ставка 482 други градежни објекти предвидени се 5.600,000,00ден се заменуваат со 1.700.000,00ден

Категорија 48 капитални расходи се предвидени 5.600.000,00ден се заменуваат со 1.700.000,00ден

Подпрограма ЈФ0 изградба на сообраќајна сигнализација

Категорија 48,ставка 482, подставка 482940 надзор над градбата предвидени се 200.000,00ден се заменуваат со 50.000,00ден

Категорија 48,ставка 482, подставка 482920 изградба на други објекти предвидени се 1.000.000,00ден се заменуваат со 800.000,00ден

Категорија 48,ставка 482, подставка 482910 подготвување на сообраќаен проект предвидени се 800.000,00ден се заменуваат со 150.000,00ден

Ставката 482 други градежни објекти предвидени се 2.000.000,00ден се заменува со 1.000.000,00ден

Категорија 48 капитални расходи предвидени се 2.000.000,00 се заменува со 1.000.000,00ден

Подпрограма ЈГ0 изградба на системи за водоснабдување

Категорија 48,ставка 482, подставка 482720 реконструкција и изградба на капацитети за водоснабдување предвидени се 25.000.000,00ден се заменуваат со 10.000.000,00ден

Категорија 48,ставка 482, подставка 482910 подготвување на проекти ,вршење стручна ревизија предвидени се 1.000.000,00ден се заменуваат со 300.000,00ден

ставка 482 други градежни објекти, предвидени се 26.300,000,00ден се заменуваат со 10.600.000,00ден

Категорија 48 капитални расходи, предвидени се 26.300,000,00ден се заменуваат со 10.600.000,00ден

Подпрограма ЈИ0 изградба на систем за одведување на отпадните води

Категорија 48,ставка 482, подставка 482940 надзор над градбата предвидени се 1.000.000,00ден се заменува со 500.000,00ден

Категорија 48,ставка 482, подставка 482920 реконструкција и изградба на објекти предвидени се 80.000.000,00ден се заменува со 30.000.000,00ден

Категорија 48,ставка 482, подставка 482110 подготвување на проекти предвидени се 1.500.000,00ден се заменува со 1.300.000,00ден

ставка 482 други градежни објекти предвидени се 82.500.000,00ден се заменува со 31.800.000,00ден

Категорија 48, капитални расходи предвидени се 82.500.000,00ден се заменува со 31.800.000,00ден

Подпрограма ЈН0 урбана опрема

Категорија 48,ставка 482, подставка 482920 изградба на други објекти предвидени се 12.000.000,00ден се заменуваат со 3.000.000,00ден

Ставка 482 други градежни објекти, предвидени се 12.300.000,00ден се заменува со 3.300.000,00ден

Категорија 48,ставка 480 ,подставка 480190 купување на друга опрема предвидени 1.000.00,00ден се заменува со 5.000.000,00ден

Ставка 480 купување на друга опрема предвидени се 1.000.000,00ден се заменува со 5.000.000,00ден

Категорија 48 капитални расходи предвидени се 13.300.000,00ден се заменува со 8.300.000,00ден

Подпрограма ЈК0 јавна чистота – капитални расходи

Ставка 480 купување на опрема и машини се заменува со ставка 486 купување на товарни моторни возила ,

подставка 480190 купување на друга опрема со предвидени 400.000,00ден се брише

се додава подставка 486120 купување на друга опрема предвидени 2.500.000,00ден

категорија 48 капитални расходи предвидени се 2.900.000,00ден се заменува со 2.500.000,00ден

## ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на програмата Ј комунални дејности ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

Измената и дополната на Програмата (Ј) Комунални дејности на општина Кисела Вода за 2018 година стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-8398/8
8 октомври 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма за измена и дополнување на
Програмата (Р) заштита на животна средина и природа на
Општина Кисела Вода за 2018 година

1.Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата (Р) заштита на животна средина и природа на Општина Кисела Вода за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 октомври 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-8942/7
18.10.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и точка 4 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/02) член 34 став 1 точка 8 од од Статутот на општина Кисела Вода ( Сл.Гласник на Град Скопје бр. 8/05), а согласно член 15 став 1 точка 2 од законот за Град Скопје ( Сл.весник на РМ бр.55/04), член 1 став 1 од Законот за животна средина самоуправа ( Сл.весник на Република Македонија бр.53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015 и 39/2016 Советот на општина Кисела Вода на Петнаесеттата пленарна седница одржана на 8 октомври 2018 година, донесе

Програма за измена и дополнување
на Програмата (Р) – Заштита на животна средина и
природа на Општина Кисела Вода за 2018 година

Се врши измена и дополнување на Програмата (Р)- Заштита на животна средина и природа за 2018 година објавена во Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 12 од 04.12.2017 година, на начин што во делот Програма (Р) Заштита на животна средина и природа за 2018 година

- подпрограма РА Заштита на животна средина и природа – Капитални расходи
- категорија 48 (РА) капитални расходи, ставка 480 купување на друга опрема, подставка 480190 купување на друга опрема предвидени се 600.000,00ден се заменуваат со 0 ден

Категорија 48 (РА) капитални расходи, ставка 480 купување на друга опрема предвидени се 600.000,00ден се заменуваат со 0 ден

Категорија 48 (РА) капитални расходи, предвидени се 600.000,00ден се заменуваат со 0 ден

**ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на подпрограмата ја врши Градоначалникот на Општина Кисела Вода преку Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина.

Програмата (Р) Заштита на животна средина и природа на Општина Кисела Вода за 2018 година, стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во, Службен гласник на Општина Кисела Вода,

Број 09-8398/9
8 октомври 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма за измена на
Програмата Г10 – локален економски развој со
Потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност за 2018 година

1.Се објавува Програмата за измена на Програмата Г10 – локален економски развој со Потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 октомври 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-8942/8
18.10.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 3 од Законот за Град Скопје (Сл. Весник на РМ бр.55/04), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл. Гласник на Град Скопје бр. 8/05 и Сл. Гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Петнаесеттата пленарна седница одржана на 8 октомври 2018 година, донесе

**ПРОГРАМА**

за измена на Програма Г10 – локален економски развој со
Потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност за 2018 година

**Член 1**

Се врши измена на Програма Г10 – локален економски развој со Потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност за 2018 година, објавена во Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 12 од 04.12.2017 година, на начин што во точка 2 - План на активности делот

"Курсеви и обуки за преквалификации за жителите на Општина Кисела Вода", вкупно средства 300.000,00 денари, се брише.

"Обуки за едуцирање на млади и поттикнување на претприемачки дух", вкупно средства 300.000,00 денари, се брише.

"Општинска контрибуција за изградба на спортска сала во ООУ "Рајко Жинзифов", населба Драчево", вкупно средства 6.200.000,00 денари, се брише.

"Финансиско учество за непредвидени работи при изградба на училишна спортска сала во ООУ "Рајко Жинзифов", населба Драчево", вкупно средства 4.000.000,00 денари, се брише.

Во делот на Потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност делот

"Енергетска обнова на ЈДГ "8 ми Март", објект Расадник", вкупно средства 5.000.000,00 денари, се брише.

"Модернизација на системот за јавно осветлување на територија на Општина Кисела Вода", вкупно средства 3.000.000,00 денари, се брише.

"Субвенционирање во набавка за пелети за домаќинства на територија на Општина Кисела Вода", вкупно средства 2.500.000,00 денари, се брише.

Во останатиот текст на Програма Г10 – локален економски развој со Потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност за 2018 година, истата останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-8398/10
8 октомври 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма за измена на Програмата за активностите на Општина Кисела Вода во областа за заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра за 2018 година

1.Се објавува Програмата за измена на Програмата за активностите на Општина Кисела Вода во областа за заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 октомври 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-8942/9
18.10.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 4, став 1 и 2 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 39/12, 41/14 и 106/16) Советот на Општина Кисела Вода на Петнаесеттата пленарна седница одржана на 8 октомври 2018 година, донесе

Програма за измена на Програмата за активностите на Општина Кисела Вода во областа за заштитата и спасувањето на граѓаните
и материјалните добра за 2018 година

**1. План на активности**

**3.1.Набавка на опрема на Општинскиот штаб и универзалната просторна единица за заштита и спасување на територијата на Општина Кисела Вода со материјално технички средства;**

| Ред. Бр | Потребна Опрема | Количина | Цена |
|---|---|---|---|
| 1 | Заштитни униформи | 10 ком. | 65 000 денари |
| 2 | Заштитни зимски јакни | 10 ком. | 65 000 денари |
| 3 | Теренски обувки | 10 ком. | 65 000 денари |
| 4 | Заштитна наметка | 30 ком. | 50 000 денари |
| 5 | Чизми гумени | 30 ком. | 35 000 денари |
| 6 | Противпожарни челични метли | 10 ком. | 40 000 денари |
| 7 | Батериски лампи | 10 ком. | 30 000 денари |

Предвидени финансиски средства:**350 000 денари.**

Забелешка: Кај ова набавка износот од 250 000 денари е зголемен на **350 000 денари.**

**1.2.Набавка** на Пумпи за испумпување на нечиста вода од поплавени простории и места;

- 4 пумпи со стандардна опрема.

Предвидени финансиски средства: **240 000 денари.**

Забелешка: Кај ова набавка износот од 200 000 денари е зголемен на **240 000 денари.**

**1.3.Набавка** на влечни превозни средства;

- 1 Приколка за влечење на чамец;

Предвидени финансиски средства: **200 000 денари.**

Забелешка: Кај ова набавка износот од 150 000 денари е зголемен на **200 000 денари**.

***1.4.*** Договори за услуги;

**1.4.1 Обука на вработените**

Обука на вработените во Општина Кисела Вода, градинките, основните училишта, ќе ја извршува Општинскиот противпожарен сојуз Кисела Вода.

Предвидени финансиски средства: **20 000 денари.**

**1.4.2 Ажурирање на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кисела Вода**

Предвидени финансиски средства: **10 000 денари.**

**1.4.3** Изработка на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кисела Вода

Предвидени финансиски средства: **10 000 денари.**

**1.4.4 Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати и хидрантска мрежа во Општината и урбаните и месни заедници**

*1.1 Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати и хидрантска мрежа,* електричната инсталација и громобранската инсталација во Општината и урбаните и месни заедници.

Предвидени финансиски средства: **120 000 денари.**

Забелешка: Кај ова услуга додадено е и испитување на електричната и громобранска инсталација и износот од 20 000 денари е зголемен на **120 000 денари.**

Вкупно: 160 000 денари.

**1.5. Активирање на Општинскиот штаб и Универзалната единица по потреба (превоз, исхрана, сместување и дневници).**

Согласно членот 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 106/2016 година), во кое е предвидено дека единиците на локалната самоуправа имаат обврска и надлежност да ги утврдат и обезбедат во буџетот на единицата на локална самоуправа средствата за надоместокот на граѓаните во извршувањето на правата и должностите во заштитата и спасувањето, повикани од единиците на локалната самоуправа.

Предвидени финансиски средства**: 100 000 денари.**

**3.6. Резервен фонд на Општина Кисела Вода за заштита и спасување од природни непогоди.**

Предвидени финансиски средства: **100 000 денари.**

Вкупно: 1.150.000,00 денари.

**2.Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за човечки ресурси.

Во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и во покренување на иницијативи, давање на мислења и придонесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Кисела Вода“.

Број 09-8398/11<br>
8 октомври 2018 година<br>
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
на Советот на Општина Кисела Вода<br>
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма за измена на Програмата (Ф) урбано планирање
на Општина Кисела Вода за 2018 година

1.Се објавува Програмата за измена на Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 8 октомври 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-8942/10
18.10.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 34 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/05 и Службен гласник на општина Кисела Вода бр. 13/06 и број 15/14), а во врска со член 15 став 1 точка 1 од Законот за Град Скопје ("Службен весник на РМ" бр. 55/04 и број 158/2011), член 7 и 83-а, од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016, 64/2018 и 168/2018), и 95 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 15/2015, бр. 98/2015, бр. 193/2015, бр. 226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016 и бр.190/2016), Советот на Општина Кисела Вода на Петнаесеттата пленарна седница, одржана на 8 октомври 2018 година, донесе

**ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА**

за измена и дополна на Програмата (Ф) урбано планирање
на Општина Кисела Вода за 2018 година

**Член 1**

Со оваа Програма се врши измена и дополна на Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2018 година во делот на Подпрограма Ф1 – урбанистичко планирање, приоритетна изработка на урбанистички планови и урбанистичко планирање за вклопување на бесправно изградени објекти, донесена од Советот на Општина Кисела Вода со Одлука Број 09-7848/10 од 28 ноември 2017 година (Службен гласник на општина Кисела Вода бр. 12/2017).

**Член 2**

Во Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2018 година во делот на Подпрограма Ф1 – урбанистичко планирање, приоритетна изработка на урбанистички планови и урбанистичко планирање за вклопување на бесправно изградени објекти по делот – "Изработка на ЛУПД – локални урбанистички плански документации финансирани од физички и правни лица - донаци», се додава нова ставка:

**"Изработка на измена и дополнување на општи акти за селата за кои кои немаат урбанистичка документација, финансирани од физички и правни лица – донаци:**

- Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево Општина Кисела Вода - Скопје"

**Член 3**

Во Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2018 година во делот на Подпрограма Ф1 – урбанистичко планирање, приоритетна изработка на урбанистички планови и урбанистичко планирање за вклопување на бесправно изградени објекти во:

Точка 2.ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДПРОГРАМАТА
Категорија 42 ставка 425 подставка 425640 се врши измена и дополна:

- Измена и дополнување на износ во денари од 18.200.000,00 во **30.700.000,00 ден.**

**Член 4**

Измената и дополна на Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2018 година во делот на Подпрограма Ф1 – урбанистичко планирање, приоритетна изработка на урбанистички планови и урбанистичко планирање за вклопување на бесправно изградени објекти влегуваат во сила со денот на донесувањето, а ќе се објават во «Службен гласник на Општина Кисела Вода».

Број 09-8398/12
8 октомври 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

## С О Д Р Ж И Н А:

1.Програма за измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2018 година;

2.Програма за измена и дополнување на Програмата од надлежност (В) и Програмата ( В1) – предучилишно воспитување за 2018 година;

3.Програма за измена и дополнување на Програмата за култура К4 културни манифестации и творештво и Програма КА културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2018 година;

4.Програма за измена и дополнување на Програма ( ЛО ) – спорт и рекреација за 2018 година;

5.Програма за измена и дополнување на Програмата за работа на Дом на култура КВК Скопје за 2018 година;

6.Програма за измена и дополнување на Програмата (Ј) - Комунални дејности за 2018 година;

7.Програма за измена и дополнување на Програмата (Р) – Заштита на животна средина и природа на Општина Кисела Вода за 2018 година;

8.Програма за измена на Програма Г10 – локален економски развој со Потпрограма ГД0 – проекти за енергетска ефикасност за 2018 година;

9.Програма за измена на Програмата за активностите на Општина Кисела Вода во областа за заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра за 2018 година;

10.Програма за измена и дополна на Програмата (Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2018 година;